КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
март 2014 • бр. 38 • година 6



Registered ISO 9001:2008

ISSN 1857-6753

КАРПОШ СЕКОГАШ НА ВРВОТ

MOTOCENTAR
Сигурен избор



MICHELIN Continental BRIDGESTONE
NOKIAN TYRES Firestone

тел: 30 95 777 • 27 74 144
info@motocentar.com.mk
www.facebook.com/Motocentar.mk
www.motocentar.com.mk

Misaki



Jewels
ул. Максим Горки бр 21 и
Ramstore Mall
тел: 3246 - 698

Егзотични јапонски бисери дизајнирани во елегантни парчиња накит од дизајнерите во МОНАКО и Монте Карло
Одличен избор со празнично намалени цени.
Накитот од Misaki нека биде круна за Ваш совршен изглед.

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВО ФОКУСОТ

ОТВОРЕН „ОПЕН КАРПОШ 2014“ 4



РЕПОРТАЖА

ПОКРИВОТ НА АФРИКА 12



ЦВЕТНИ ГРАДИНИ

СПОЈ НА ПРИРОДАТА И НА УМЕТНОСТА 22



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

Антонио Ристевски

НА ПАТЕКИТЕ НА УСПЕХОТ 26



СПОРТОРАМА

ШАМПИОНИ НА МЕСЕЦОТ 32



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Владо Поповски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Игор Ѓуровски
Мила Глигорова
Ива Манова
Анета Манчевска
Живко Трајановски
Јоана Станиќ
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Лилјана Петрушевска-Кочовска

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед
Игор Ѓуровски

Маркетинг
Александар Бошковски
Горан Димовски
Ивана Пендовска
Игор Богоевски
marketing@karpos.gov.mk

ОТВОРЕН „ОПЕН КАРПОШ 2014“

Долгоочекуваниот шаховски турнир „Опен Карпош 2014“, при крајот на март, во просториите на хотелот „Александар Палас“, беше отворен на свечен и гламурозен начин. Четвртиот по ред меѓународен шаховски турнир, оваа година е со рекордна бројка, со повеќе од 270 натпреварувачи. Под покровителство на Општина Карпош, овој турнир се вбројува меѓу петте најсилни турнири во светот и не само што ја промовира Општина Карпош, туку и Градот Скопје во целост, а ја промовира и нашата држава како голем промотор и поддржувач на древната мислечка игра.

Пред присутните играчи и љубители на овој спорт, се обрати и официјално турнирот за отворен го прогласи Роберт Живадиновиќ, советник во Советот на Општина Карпош.

- Благодарение на поддршката што ја дава градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, овој турнир од година во година добива сè поголем рејтинг, што се потврдува и со бројот на учесници. „Опен Карпош“ може да се следи преку интернет-портали, со што љубителите на оваа игра ќе можат да уживаат во незаборавните партии, што ќе им ги пружат учесниците на овој турнир. Присутни се, покрај другите, досегашните тројца победници, Роберт Маркуш од Србија, Кирил Георгиев од Бугарија и Зденко Кожул од Хрватска - истакна Живадиновиќ, кој им посака на присутните гости пријатен престој и постигнување на врвни шаховски резултати.

Наградниот фонд за шаховскиот турнир изнесува 25.000 евра, а за најдобриот шахист за оваа година се обезбедени 5.000 евра. Натпреварите се одржуваат во две кола, а во текот на турнирот, кој трае до 5 април, љубителите на древниот спорт ќе имаат можност навремено да ги следат резултатите на chess-results.com.

И годинава, десетте најдобри партии ќе бидат пренесувани во живо. Повеќе од 500.000 љубители на шахот ќе имаат можност да ги следат натпреварувањата. Тоа уште еднаш докажува дека овој турнир може да се смета за натпреварување од светски калибар. На „Опен Карпош“ силите си ги одмеруваат околу 60 велемајстори, од кои 53 мажи и 7 жени.

Мила Глигорова





Почитувани сограѓани,

Зад нас оставаме еден прекрасен пролетен месец. Нам, во Карпош, март ни измина во знакот на дружења со граѓаните, грижа за возрасните сограѓани, забави со најмладите, но и со многу работа.

Март има многу празници кои достојно ги славевме, но и ни донесе многу причини за славење. Овој месец заврши училишните лиги во одбојка и во кошарка, а и во двете апсолутни шампиони беа младите спортисти, учениците и ученичките, од ООУ „Владо Тасевски“, кои дури го освоија и државното злато. Од сè срце им честитаме и им посакуваме да продолжат по патот на успехот и победата. Верувам дека и сите други училишта беа достојни противници, но во спортот правилата се такви - еден застанува на тронот.

Во спортски дух и го завршивме овој месец, во голем стил. Со отворање на најголемиот шаховски турнир и нашиот бренд „Опен Карпош 2014“. Тој, по четврти пат, се организира во соработка меѓу нашата Општина и Шаховскиот клуб „Гамбит асеко СЕЕ“ и за овој краток период успеа да се вброи меѓу петте најдобри турнири во Европа, кои го следат стотици илјади шахисти насекаде во светот. Токму затоа, го одржуваме тој дух и високото ниво на квалитет на турнирот. Сакаме да им оставиме убаво наследство и позитивен пример на младите генерации за оваа древна умствена игра.

Годинешниот 8 Март се обидовме да го прославиме со малку поинвентивни идеи и на начин поинаков од досега. Ги посетивме домовите за стари лица „Мајка Тереза“ и „Елисавета“ и им дарувавме цвеќиња и подароци на нашите највозрасни жители. Ние имаме обврска да се грижиме за сите категории на граѓани, но најмногу за оние на кои вистински им треба поддршка и помош, најстарите и најмладите.

По повод празникот на жената, и жените креативци од Карпош имаа своја изложба, а првиот пролетен ден го одбележивме со вклучување во националната кампања „Македонија, земја на цвеќето – Земја на розата“. Карпош е познат по тоа што е една од најчистите и хортикултурно најдобро уредени општини и тој имиџ не го запоставуваме во ниту еден момент.

Она што е исклучително важно за нас како општина, е што многу посветуваме на хуманоста. За таа цел заедно со Црвениот крст им дадовме благодарници на најхуманите сограѓани од Карпош, долгогодишните крводарители. Јубилејни признанија за 50 пати дарувана крв добија Томе Георгиевски и Младен Крстевски, а признание доби и Кире Симоноски за 75 пати дарувана крв. Како Општина ја поддржавме и хуманитарната акција на агилните твитерџии.

Карпош важи за најспортска општина, која посебно дава поддршка на екстремните спортови, покрај оние „вообичаените“. Во таа насока без двоумење ја поддржавме и експедицијата на наши млади карпошани на врвот на Африка – Ухуру Пик на Килиманџаро, од каде гордо се развеа знамето на Карпош. Освоивме уште една височина.

Се разбира, не ги занемаривме и нашите обврски во инфраструктурата на општината, така што помогнавме во отворањето на летна училница во ООУ „Димо Хаџи-Димов“, ги направивме тротоарите на улица Леринска, ги осветливме сите летниковци. Почнавме и со реконструкцијата, односно поплочувањето на крак од улицата Скупи 20.

Во наредниот период ни претстојат потопли денови и Општината со засилено темпо ќе продолжи со доизградба на инфраструктурата, одржување на зеленилото и на хигиената и со поддршка на инвестициската изградба и осовременување.

Вашиот градоначалник Стевчо Јакимовски

ПОДГОТВЕНИ ЗА ПРОЛЕТТА

Неочекувано топлиот март нè поттикна да размислуваме за потребата на нашите граѓани, по долгата и студена зима, да излезат и да прошетаат. Веројатно затоа, месецот што измина, работевме на патеките за пешаците. Во таа смисла, на улицата Лоринска ги обновивме тротоарите и почнавме со поплочување на еден крак од улицата Скупи 20 со павер-елементи.

Во Општинското основно училиште „Димо Хаџи-Димов“ беше наместена една „летна училница“, но сметајќи на тоа дека вечерните прошетки особено им годат на граѓаните, работевме и на осветлувањето. Поради тоа, ново осветлување добија летниковците во Карпош 1, Карпош 2 и во Карпош 3, како и улицата Московска 5...



Новата летна училница во ООУ „Димо Хаџи-Димов“



Ново осветлување доби летниковецот на ул. Драгиша Мишовиќ, во Карпош 3, а зафатот го изведе фирмата „Дигитал“



На ул. Московска 5, фирмата „Елтра“ постави шест нови столба за осветлување, со осум светилки



Почна поплочувањето на еден крак од улицата Скупи 20



На улицата Леринска беа обновени тротоарите



LAPLAST-M

Момин Поток бб
1000 Скопје, Македонија
Тел: +389(02) 3097 007
Моб: +389(070) 291 007
Факс:+389(02) 3095 800
мејл: info@laplast-m.com.mk

DICKSON
sunbrella®

БЛАГОДАРНИЦИ ЗА НАЈХУМАНИТЕ КАРПОШАНИ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, и тимот од Црвен крст од Карпош, ги доделија трите благодарници за најхуманите жители од Карпош. Општинскиот татко им посака здравје и долг живот на карпошовите крводарители и им додели јубилејни признанија за 50 пати дарувана крв на Томе Георгиевски и Младен Крстевски, а признание доби и Кире Симоноски за 75 пати дарувана крв. Свечениот чин дополнително го разубави големиот хуманист и уметник Живко Поповски – Цветин, кој своето уметничко дело, цртеж со бели рози, му го врачи на градоначалникот Јакимовски и воедно му се заблагодари за поддршката и хуманоста што ја поседува за секоја наредна крводарителска акција.

М.Г.



УЧЕНИЦИ ВО ПОСЕТА НА ПЕНЗИОНЕРКИ ПО ПОВОД 8 МАРТ



По повод Денот на жената, во координација со Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, ученици од ООУ „Димо Хаџи-Димов“ ги посетија пензионерите од Домот за стари лица „Мајка Тереза“. Со полни раце слатки изненадувања, овошје и пригодна драмска претстава, ги наполнија душите на старите лица, а пензионерките добија прекрасни шарени цветови. На посетата присуствуваше и тимот од Црвениот крст, кој честопати ги посетува жителите од домот за стари лица. Во текот на средбата, учениците се запознаа со терапевтските работилници, во кои се изработуваат ракотворби, се везат пелерини и се изработува рачен накит. Директорката на општинското училиште „Димо Хаџи-Димов“ се заблагодари за топлиот дочек на домаќините и им го честита празникот на постарите дами.

М.Г.

КАРПОШ НЕ ГИ ЗАБОРАВА ЛИЦАТА ОД ТРЕТАТА ДОБА

Висока општинска делегација предводена од претседателот на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Карпош, Зоран Поповски, по повод 8 Март, ги посети станарите на домот за стари лица „Елисавета“ кој се наоѓа на територија на локалната самоуправа. Откако се запозна со условите во кои живеат вдомените лица, Поповски ја искористи можноста да поразговара со повозрасните сограѓани и во пријатна атмосфера ги слушна нивните животни приказни.

- Не смееме да ги заборавиме нашите постари сограѓани. Наша обврска е да го подигнеме нивото на грижа за лицата од третата доба и сметам дека засега се движиме во одлична насока. Ви посакувам добро здравје, виталност и уште многу вакви заеднички средби – рече советникот Зоран Поповски.

Дека постарите луѓе се дел од големото семејство на локалната самоуправа, покажа средбата на која присуствуваа и секретарот на Општина Карпош, Владо Поповски, координаторката за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Карпош, Виолета Михајловска, и претседателот на Комисијата за култура при Општина Карпош, Горан Михајлов.

И. Ѓуровски

ПРЕКУ ГРАЃАНСКИ ФОРУМ ДО ЕВРОПСКА ГРАДИНКА

Месецов се одржа шестата завршна форумска сесија во рамките на проектот „Форуми на заедниците“, што во Општина Карпош се реализираше со помош на Швајцарската агенција за соработка и развој, Фондацијата „Отворено општество – Македонија“ и Општина Карпош. Беа презентирани резултатите од досегашните активности на „Форуми на заедниците“, со осврт на сите етапи од проектот, од изборот на теми за дискусија и за лоцирање на проблемите во заедницата, до отчет за завршеното, односно за реализацијата на одбраниот проект, како и за имплементацијата на препораките од заедницата во поглед на преземање други активности.

Отчет за сработеното даде директорката на ЈОУДГ „Пролет“, Вита Јаковлевска.

- Со помош на грантот што го добивме во демократска процедура, а со посредство на „Форуми на заедниците“, дечињата во објектот „Сончогледи“ на градинката „Пролет“ денес престојуваат во објект со нов покрив, со висококвалитетни прозорци кои ја штедат топлинската енергија, со нова кујна и тоалети што одговараат на стандардите за ваков вид установа и севкупно во енергетски ефикасен објект. За сето тоа, од името на децата, вработените и родителите, јас им благодарам на Швајцарската агенција за соработка и развој, на Фондацијата „Отворено општество – Македонија“, на Општина Карпош и на градоначалникот Стевчо Јакимовски – рече Јаковлевска.

Проектот „Форуми на заедниците“ почна со реализација во 2012 година и опфати низа форумски сесии на кои граѓаните дискутираа и предлагаа проекти што требаше да се реализираат со неповратниот грант од Швајцарската агенција за соработка и развој, а во реализација на Општина Карпош. Општина Карпош, дел од тие проекти спроведе во целост, а дел, оние кои се однесуваат на енергетска ефикасност на објекти на воспитно-образовни установи, се влезени во програмата што треба да се реализира до 2016 година. Дел од идеите на граѓаните, пак, што не беа поддржани од Форумот на заедницата и не добија статус на проект, се земаат предвид како препораки од граѓаните и се имплементираат во програмите на одделни сектори на локалната власт.

Л.П.К.





ОПШТИНСКА ПОДДРШКА ЗА ХУМАНИТЕ ТВИТЕРЏИИ

Твитер-заедницата уште еднаш на дело ја покажа својата хумана ангажираност, а Општина Карпош, како и секогаш, ја поддржа ваквата акција.

Имено, на средината на март, на платото во ТЦ „Лептокарија“, група граѓани, самоиницијативно организирани преку социјалната мрежа „Твитер“,спроведоа хуманитарна акција за прибирање стара облека и обувки, а истата група, еден ден подоцна организираше и крводарителска акција во „Даре Џамбаз“.

- Во поглед на собраната облека, обувки и играчки, речиси сме сигурни дека еден дел, тој што е соодветен за деца помали од три години, ќе го испратиме на домот за деца без родители во Битола, а за сè друго дополнително ќе определиме каде ќе дониграме – рече Славчо Андов, еден од организаторите на акцијата.

Општина Карпош својата поддршка на оваа хумана акција ја реализира со отстапување простор за спроведување на активноста.

ОТВОРЕНИ ДЕНОВИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ

Одделението за детска, социјална и здравствена заштита и Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје, месецот што измина го продолжија проектот „Отворени денови на социјална заштита во руралните средини“. Во просториите на месната заедница во Злокуќани и во ООУ „Аврам Писевски“ се собраа граѓани и разговараа со стручните лица за проблемите од доменот на социјалната сфера, со кои тие секојдневно се соочуваат. Ова е трета ваква средба, по оние со жителите од Горно Нерези и Долно Нерези за кои имаше огромен интерес.

Целта на овој проект е да обезбеди информирање на жителите од руралните средини за правата и услугите од социјална заштита. Во директен разговор со присутните, вработените од Одделението за детска, социјална и здравствена заштита при општина Карпош им дадоа објаснувања и совети на заинтересираните присутни граѓани, кој е начинот да побараат помош од локалната власт и од државата за остварување социјални бенефиции или други видови помош.



Соработката со социјално загрозените лица е редовна практика за Општина Карпош. Оваа активност ќе продолжи и понатаму да се применува бидејќи е од големо значење за локалното население.

М.Г.

РЕГИОНАЛЕН МОДЕЛ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Локалната самоуправа од Карпош, на барање на Северозападната хрватска регионална агенција за енергетика, ќе ги понуди своите информации и искуства од областа на искористувањето на обновливите извори на енергија и имплементација на мерките за енергетска ефикасност кои ги применува на својата територија. Оваа регионална соработка се должи на презентираниот модел за субвенционирање на енергетско ефикасните објекти во Општина Карпош, со кој локалната самоуправа се претстави на Неделата за енергетска ефикасност во Загреб минатата година.



Имено, Хрватската регионална агенција за енергетика изработи студија наречена „Транзиција на енергетиката на локалните власти во Југоисточна Европа“. Документот содржи преглед на најдобрите практични примери, меѓу кои влегува моделот на субвенционирање на новите енергетско ефикасни објекти, што е единствен на овие простори и веќе докажан во двегодишната практика во Карпош. Станува збор за првата локална самоуправа во Република Македонија, која создаде и успешно ја имплементира петгодишната програма за енергетска ефикасност (2008-2012), а воедно е единствена општина, која ја потпиша Конвенцијата на иницијатива на градоначалници. Исто така, Општина Карпош е една од ретките локални самоуправи во Југоисточна Европа, која го развива и официјално го усвои Правилникот за мерките за енергетска ефикасност.

И.Ѓ.

МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАР НИЗ ПЕРОТО НА ГРОЗДАНОВ

Фоајето на Драмски театар беше претесно за љубителите на добрата книга и на умно и естетски осмислените реченици на еден од најдобрите критичари, Борче Грозданов. Промоцијата на Збирката театарски рецензии на Борче Грозданов побуди голем интерес зашто е од големо значење како за авторот, така и за македонските режисери и актери чии имиња се дел од новоиздадената книга. Значителен дел од големите претстави во Македонија трајно се засведочени токму во ова дело на нашиот познат театарски критичар и хроничар. Борче Грозданов своето перо му го посветува на театарот веќе 20 години. За овој период тој успеал да верифицира речиси сè што минало како (не)релевантно во на-



шата земја, па и пошироко, преку портите на оваа уметност.

Неговото проследување во театарот досега резултира со околу 400 рецензии, во најголем дел објавени во весникот „Вечер“, но и во списанијата „Дело“, „Театар тренд“, „Пулс“, „Разгледи“, „Екран“. Во 2004 година, по повод десетгодишнината од неговата прва критика, со сопствени средства издаде цеде со театарски критики, насловено „На(д) сценатa“. Грозданов е и коавтор на монографијата „Чекори под ѕвездените штици“, посветена на 50-годишнината на Народниот театар „Антон Панов“ од Струмица. „На(д) сценатa 2“, всушност, е продолжение и воедно избор од рецензии, објавени во весникот „Вечер“ од 2004 до 2014 година.

Голем број обожаватели на убавиот збор и на театарот беа присутни на ова претставување, а Општина Карпош и финансиски го помогна овој уметничко-рецензентски проект на Грозданов.

М.Г.



ЖЕНАТА КАКО ТВОРЕЦ ВО УМЕТНОСТА

Локалната самоуправа од Карпош, инспирирана од идејата на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Карпош, по повод Денот на жената, организираше уметничка работилница и изложба во Кинотеката на Македонија.

Ликовниот настан, насловен „Осмомартовска инспирација за креација“, во кој учествуваа повеќе од 15 академски сликарки, зад себе остави непроценливи уметнички дела кои еден ден ќе ги красат просториите на новата административна зграда на Општина Карпош. Тие, преку техниките масло и акрил, со својот извонреден колорит му всадија живописен карактер на белото безлично платно. Целта на оваа работилница и изложба е да се прати силна порака, дека жената која порано била само муза и инспирација, денес успешно креира уметност.

На оваа културна манифестација, присуствуваа претседателот на Комисијата за култура при Општина Карпош, Горан Михајлов, и координаторката на Комисијата за еднакви можности меѓу мажите и жените при Советот на Општина Карпош, Виолета Михајловска, која на жените-уметници им врачи благодарници за учество на изложбата.

Претседателот на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Карпош, Зоран Поповски, на шармантните уметнички, во знак на почит, им подари по една црвена роза.

- Отсекогаш сум се восхитувал на вашата уметничка перцепција и на дарбата да креирате поубав свет. Во оваа пригода, би сакал да ви го честитам 8 Март, денот на женскиот непокор, со искрени желби секој ден да го чувствувате како свој празник – истакна Поповски.

И.Ѓ.

Чувството да се биде на Ухуру Пик, највисокиот врв на Килиманџаро

ПОКРИВОТ НА АФРИКА



Би сакал да ја изразам мојата благодарност на Општина Карпош и на градоначалникот Стевчо Јакимовски за поддршката и за довербата што ми ја дадоа и за тоа што ми го олесниј патот до остварувањето на мојот сон. Искрено се надевам дека знамето на нашата општина ќе се вее на уште многу повисоки врвови

Рај за очите, запознавање со нова култура, преминување на јужната хемисфера, патешествија низ џунгла, беа некои од првите мисли што ни паднаа на памет кога ни дојде идејата да ја искачиме највисоката точка на еден континент. Мама Африка! 5.187 воздушни километри нè делеа од саканата дестинација. Јас (Јордан Топковски), Ане Тошевска, Диме Милановски, Андреј Минчевски, Виктор Ангелов и Сашо Божиновски бевме тимот што овојпат тргнува да го освои Ухуру Пик, врвот на 5.895 метри надморска височина.

Се чекавме на аеродром, па мислев дека сите ќе бидеме поспани. Ама како може човек да биде поспан кога го чека огромна и незаборавна авантура? Влеговме во авионот, ги закопчавме појасите и тогаш си реков: „Ова не е сон, ова е реално! Одиме во Танзанија!“

Слетавме на аеродромот „Килиманџаро“ и тука нè чекаше Алекс со превоз. Ја одбравме шестдневната маршрута до Мачаме, како најживописна и најинтересна за искачување. Дојде и нашиот водич, Пол, се запознавме, ни објасни набрзина што ќе правиме и почнавме да го подготвуваме „џипот“.

Се возевме околу два часа пред да стигнеме до почетната точка, Мачаме гејт, се запишавме во книгата, го поделивме товарот на нашите носачи и, како што би рекле ние, „пат под нозе“, ја почнавме авантурата.

До првиот камп имавме околу пет-шест часа пешачење. Полни со енергија, радосни, ентузијазмот го преточувавме во брзање. Затоа уште на почетокот научивме дека „поли, поли“ одприлика значи нешто како „полека, полека“, а од водачите го слушавме речиси во текот на целото патување. Стигнавме до првиот камп на височина од 3.000метри, „Мачаме камп“, а времето беше одлично. Го прашав водичот каде е Килиманџаро. Со прст ми покажа некаде кон облаците, ама некако многу високо ја крена раката, па си помислив дека ни тој не знае сосема точно каде е. Кога се најадовме, водичот ни даде информации за утрешната рута и ни посака добра ноќ. Излеговме од шаторот и, што да видиш, водичот бил во право! Знаел каде се наоѓа Килиманџаро. Огромна вулканска планина која, мислиш, ја допира стратосферата. „Ова ќе биде тешко“, си рековме така застанати, не мрдајќи го погледот од таа величенственост. Легнавме да одмориме.

Вториот ден требаше да стигнеме до кампот „Шира“, на височина од 3.766 метри. Немавме никакви тешкотии зашто бевме „гладни“ да ја постигнеме нашата цел. По пет-шест часа пешачење, стигнавме во кампот каде што нашите шатори беа наме-

стени. Се договоривме со водичот да одмориме еден час, да тргнеме на мала прошетка до некоја повисока точка и да се вратиме. Одморивме, ручавме и се упативме кон повисока точка од каде што планината ни прати уште еден поздрав.

Наредниот ден нè чекаше малку потешка тура: искачување до 4.600 метри, па симнување до 3.900 метри и поставување на шаторите, односно одење на високо и спиење на ниско. Ги препакувавме ранците бидејќи веќе заладуваше и тргнавме. Пред да ја допреме највисоката точка за тој ден, некои од нас имаа главоболка, па се движевме поспоро. „Со главоболка или не, одиме понатаму“, си рековме, „сигурно не сме дошле да се шетаме низ националниот парк возејќи се во „ципови“. Така, пополека, стигнавме на местото познато како Лава тауер, на височина од 4.600 метри. По еден час одмор, почнавме да се спуштаме кон кампот број 3, „Баранко камп“. Вечеравме и уморни легнавме бидејќи нè очекуваше напорен ден.

За четвртиот ден се подготвувавме да изодиме огромен пат на голема висина за да стигнеме навреме и да имаме време за одмор пред да тргнеме кон врвот. Искачивме еден малку потежок дел. По неколку часа, стигнавме до последниот камп, „Барафу“, со поглед кон последниот и најтешкиот дел од маршрутата. Нè очекуваше огромен вулкан, кој колку што беше поблиску, толку повисок изгледаше. „Е, таму ќе стапнеме утре“, си велев. Воодушевени од глетката, тука направивме неколку незаборавни фотографии.



Нè очекуваше огромна висинска разлика - од 4.600 метри требаше да стигнеме до 5.895 метри. Имавме само околу четири часа да ги истегнеме нозете во шаторите. Одеднаш, како за инает, почна да дува ветер најсилно што може, па место да се одмориме, се боревме со шаторите.

Дојде моментот! Последна етапа, успехот по кој сме дојдени! Освојувањето на Ухуру, искачувањето на највисоката точка на континентот Африка!

Некаде кон полноќ - црна темница, тешко дишење, а ни ветерот не помага... Како што се качувавме, така потешки ни стануваа чекорите, но сè уште чекор по чекор одевме без застој. Иако на почетокот сите се смеевме и бевме позитивни, ентузијазмот до оваа точка замре, се слушаа само чекори и дишењето на другите.

„Зошто сум тука? Зошто го правиме ова? Зошто се измачуваме себеси?“, беа само неколку од многуте прашања што ми се вртеа во главата. Мотивацијата - влезена во минус, исто како и температурата. Веќе не слушавме „поли, поли“, туку „ајде, ајде, можете, не застанувајте“. Ние, пак, „Ај да одмориме, ај овде да застанеме малку“. На врв на јазик на сите ни беше да кажеме „Доста е, се враќаме“. Е, ама желбата и таа трошка мотивација што останала, не ни го дозволи тоа.

Наскоро стигнавме до Стела поинт, на 5.739 метри височина. Среќни поради успехот, меѓусебно си честитавме. Се разденуваше и пред нас го гледавме целиот кратер Кибо и вечните глечери на Килиманџаро. Малку добивме сила и ги чекоревме последните чекори. Ане беше единствената девојка во нашата експедиција и таа ја имаше честа да стапне прва на 5.895 метри! Облеани од радост и среќа, Ане, Јас, Диме и Андреј, гордо стоевме на врвот на Африка! „Ние сме на покривот на Африка!“, ми помина во мислите. Издржавме, со последните сили успеавме во тоа што верувавме. Моментот беше незаменлив и единствен. Цел континент под нашите нозе!

Испешачени повеќе од 60 километри во седум дена! Искачени 5.895 метри надморска височина! Незаменливо!

Секако, на крајот, би сакал да ја изразам мојата благодарност на Општина Карпош и на градоначалникот Стевчо Јакимовски за поддршката и за довербата што ми ја дадоа и за тоа што ми го олеснија патот до остварувањето на мојот сон. Искрено се надевам дека знамето на нашата општина ќе се вее на уште многу повисоки врвови. Ви благодарам од сè срце!

Јордан Топковски

Зголемувањето на пензиите за 600 денари во фокусот на вниманието

РАЗЛИЧНА ПЕРЦЕПЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ

Од 270.000 пензионери во Македонија, организирани во 58 здруженија, на територијата на општина Карпош живеат околу 11.000. Граѓаните од третата доба, како што ги нарекуваат, организирани се во две здруженија: „Карпош“, кое е едно од најстарите во државата, и „Тафталиџе ДДД“, кое е основано во 2008 година

За да се информираме за нивното работење, решавањето на проблемите во нивното функционирање како здруженија и, што е најважно, грижата за нивните членови кои се повеќе од 20 отсто од вкупниот број жители на Општина Карпош (63.000), неодамна ги посетивме и поразговаравме со носителите на одговорните функции во двете здруженија. Наши соговорници беа: Трајко Савески, претседател на Извршниот одбор на Собранието на ЗП „Карпош“, и Павле Василевски, секретар на Извршниот одбор на ЗП „Тафталиџе ДДД“. Од разговорите со нив и од основните документи што ни ги презентираа во оваа пригода (извештаи за нивната работа во 2013 година и програми за работа за 2014 година), бевме пријатно изненадени. Ова, пред сè, поради фактот што нашите постари сограѓани се навистина добро организирани во двете здруженија, во чии органи и тела (собранијата, извршните одбори, комисиите, како и разграноците кои постојат во урбаните и во месните заедници), непосредно се вклучени голем број активисти кои постојано се преокупирани со решавањето на проблематиката на здруженијата.

Нивните основни програмски активности се насочени кон голем број културни и спортски содржини, пикник-средби и екскурзии кои имаат повеќекратно значење, како и кон секојдневни дружења во шесте клубови на пензионерите, колку што постојат на територијата на Општината. Двајцата соговорници особено ја нагласија добрата соработка со Општина Карпош и со градоначалникот Стевчо Јакимовски. Градоначалникот, лично, или негови претставници се присутни на позначајните активности на здруженијата и им даваат целосна поддршка во решавањето на потребите на пензионерите (отворање и опремување на клубовите на пензионерите, организирање на општински спортски игри, шаховски турнири, обезбедување просторни услови за работа на разграноците, во 2013 година



на здруженијата им беа донирани по еден ТВ-приемник и по еден компјутер итн). Но, исто така, не пропуштија да нагласат дека пензионерите се редовни учесници на многубројни активности на локалната самоуправа, какви што се „Карпошово културно лето“, хуманитарните и крводарителските акции и други.

- Во вкупните активности во 2014 година, планираме да вклучиме околу 2.000 членови, а на повеќе од 200 членови со најниски пензии да им доделиме еднократна помош во висина од 3.000 денари. Наскоро ќе покренеме иницијатива до Министерството за труд и социјална политика за изградба на пензионерски домови, како и домови за дневен престој, а од градоначалникот Јакимовски добивме ветување за неопходната термичка изолација и уредување на фасадата на бараката во која се наоѓаат просториите на нашето здружение - истакна, меѓу другото, Трајко Савески.

Секретарот на ЗП „Тафталиџе ДДД“, Павле Василевски, потенцира дека нивните членови најмногу го користат комплетно опремениот клуб на пензионери во СДУ „Никола Карев“, а во тек се подготовки за отворање нов клуб на пензионерите во МЗ Злокуќани. Во нивното здружение сè уште е отворен проблемот со решавањето на неопходните простории за работа на разгранокот во кој членуваат пензионерите од Тафталиџе 1 и од Тафталиџе 2.

На нашето прашање, кое е нивното мислење за најновото линеарно зголемување на пензиите во износ од 600 денари, тој ни одговори дека за оваа одлука на Владата, тие не биле претходно консултирани и ценат дека таа не ги задоволува потребите на најголемиот број нивни членови. Во ЗП „Карпош“, како што ни рече господинот Трајко Савески, ова прашање досега не било предмет на внимание на ниво на Извршниот одбор и на Собранието од причина што станува збор за одлука на Владата на Р.Македонија.

Со оглед на фактот што ваквото зголемување на пензиите на почетокот на март е во фокусот на вниманието на пензионерите, а за да го слушнеме нивното мислење за овој потег на Владата, направивме мала анкета меѓу пензионерите кои си го осмислуваа слободното време во клубот кај пазарот „Тафталиџе“.

ЛАЗАР КРСТЕВСКИ (УЗ Тафталиџе 1)

Со оглед на фактот што најголемиот број пензионери имаат мали пензии, зголемувањето од 600 денари за нив не е доволно. Според мене, тоа би требало да биде најмалку 2.000 денари, а за оние чиј износ е повисок од просечната плата во Македонија, зголемувањето може да биде помало од 600 денари. Во тој случај ќе беше применет принципот на солидарност. Усогласувањето на пензиите со порастот на животните трошоци и платите на вработените треба да се применува како законско решение и во идниот период.

ЃУРЃА НИКОДИНОВСКА (УЗ Тафталиџе 2)

Најдобро решение ќе беше ако на пензионерите со помали пензии им се дадеше поголем износ, а на оние кои имаат повисоки пензии од просечната во Р. Македонија (12.000 денари), помал процент.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВСКИ (УЗ Тафталиџе 1)

Линеарното зголемување во споменатиот износ не е добро. Пензионерите кои имаат повеќе од 18.000 денари не требаше да добијат зголемување, а на сите други да им се даде соодветен процент во зависност од висината на пензијата, при што, требаше да бидат поделени во две групи.

ДУШАН ЈОВАНОВСКИ (УЗ Карпош 3)

Зголемувањето на пензиите за 600 денари ќе ги задоволи најголемиот број пензионери во државата, односно сите оние кои имаат потпросечни пензии.

ВИДАН САВЕСКИ (УЗ Тафталиџе 2)

Пензионерите со ниски пензии (до 12.000 денари) би требало да добијат најмалку 1.000 денари, а оние со поголеми пензии од просечниот износ, не би требало да бараат зголемување, пред сé, заради економската криза која сè уште постои во државата.

БЛАГОЈА ЗДРАВЕСКИ (УЗ Нерези)

Зголемувањето на пензиите за 600 денари не е добро. Требаше само оние кои имаат помала пензија од просечната да добијат најмалку по 1.000 денари, а на сите други, државата, со оглед на нејзината економска моќ, не е во состојба да им го зголемува износот на пензијата која досега редовно се исплатува.

АНДОН МАРКОВСКИ (УЗ Тафталиџе 1)

Ваквата одлука на Владата и на Собранието, всушност, претставува манипулација со пензионерите како најголема целна група односно избирачи, во предизборниот период. Усогласувањето на пензиите со порастот на животните трошоци и со платите, кое повеќе години наназад беше уредено со закон, требаше да си остане како системско решение и натаму, а покрај тоа, корисниците на пензии да добијат зголемување изразено во проценти врз основа на нивната досегашна пензија, а не линеарно по 600 денари.

БЛАГОЈА ЦВЕТАНОВСКИ (УЗ Тафталиџе 1)

Со оглед на економската состојба во државата, одлуката на Владата, на сите пензионери да им се зголеми пензијата за 600 денари, е реална и очекувана. Ваквата одлука, на поголемиот дел од нив ќе им ја подобри финансиската состојба.

Живко Трајановски

Маја Пехчевска, автор на „Семејни бизниси“



ЕМОЦИЈА ВО БИЗНИСОТ

Маја Пехчевска, магистер по менаџмент и претприемништво на Универзитетот за менаџмент и туризам во Скопје, најкратко можеме да ја опишеме како успешна млада карпошанка, задоволна мајка на две деца, исполнета личност...

Средбата со неа произлезе од целта да ѝ ја претставиме на јавноста во Карпош нејзината прва книга, „Семејни бизниси“, која Маја ја промовираше кон крајот на јануари годинава во „Матица ексклузив“. Сметаме дека во актуелните услови на македонското стопанство, кога големи фирми речиси и не постојат, семејните бизниси се навистина потреба.

- Со оваа книга, пренесувајќи низ неа многу искуства на успешни семејни фирми од целиот свет, сакав да им помогнам на нашите стопанственици или, на некој начин, да ги поттикнам да се впуштат во формирање семеен бизнис, односно, на тие што поседуваат и раководат со еден таков, да им укажам каде грешат или што прават добро. Кај нас, во Македонија, долго време немаше семејни бизниси. Тоа, пред сè, се должи на долгото владеење на комунистичкиот режим, во кој тие беа забранети. Со осамостојувањето на нашата земја, државните фирми почнуваат да се приватизираат, но неодминлив е впечатокот дека голем дел од тие приватизации се проследени со афери – вели Маја. Таа е убедена дека една семејна фирма, сепак, може да функционира успешно и на нашиот пазар, но дека за тоа е потребно да се надмине емоционалноста во раководењето.

- Кај нас семејните бизниси не траат и не се преточуваат во традиција како што тоа функционира на Запад, каде што за пример ги имаме империите „Хилтон“, „Форд“, „Волмарт“, „Трамп“, „Самсунг“ и други. Немаме фирми што се пренесуваат на неколку колена нови генерации во една фамилија, туку најчесто бизнисот што го создал еден човек, веќе втората генерација го продава или, пак, згаснува. Од една страна, тоа се должи на емоционалност во одлучувањето при раководењето, при што семејните врски се на пиедестал каков што не заслужуваат, на сметка на кариерата на надворешно-вработените, односно вработените кои не се членови на семејството што ја поседува фирмата. Од друга страна, недостига емоционална приврзаност кон самата фирма, односно првичната идеја, зашто стопанс-

твениците се во постојана потрага по брз приход – образложува Маја. Таа, покрај тоа, смета и дека политичката атмосфера на потреба од блискост со владејачката гарнитура, дополнително го оптоварува стопанственикот, но, од своја страна, им се восхитува на тие што нашле начин „да пливаат и кога речниот тек е во спротивен правец“. Според тоа, веројатно и Николо Макијавели бил во право кога рекол „Целта ги оправдува средствата“, низ смеа додава нашата соговорничка.

Маја Пехчевска своето време му го посветува на дообразувањето. Нејзината прва книга „Семејни бизниси“ е плод на потребата да се надградува себеси. Бидејќи е историчар на уметноста и археологијата, од неа се очекувало да се надградува во тој правец, но таа своето образование го продолжила кон нешто сосема поинакво, кон менаџментот.

- Порано дружбите беа исполнети со разговори за секојдневни нешта, за последната филмска проекција, за театар, за тоа кој каде излегува... Денес, ми се чини, дури и малите деца зборуваат за бизнис, пари, политика... – вели Маја, објаснувајќи што ја предизвикало промената на правецот во нејзиното образование.

Книгата „Семејни бизниси“ наскоро ќе добие и соодветни преводи на неколку странски јазици, а Маја веќе најавува и втора книга, исто така на тема од стопанството што досега не е третирана во стручната литература во земјава. Никакво, меѓутоа, не смееме да заборавиме да споменеме дека првенчето на оваа карпошанка деновиве, поточно во текот на април, на „Саемот на книгата“, ќе доживее и промоција како дел од асортиманот на „Матица македонска“. Маја и официјално нè покани да бидеме нејзини гости на саемот, а ние, се разбира, со задоволство прифативме.



Лилјана Петрушевска-Кочовска





Новоградба – вселиви мај 2014
Слободни станови: 49м2, 65м2, 78м2
Секој стан е со паркинг место
Приземјето одговара за деловен простор: канцеларии, ординации, амбуланта
Локација: Н. Козле, спроти студентски дом "Гоце Делчев"

Инвеститор Лубриком
e-mail: lubrikom@t-home.mk
Тел: 070 204 457

МЕЃУНАРОДНА НАГРАДА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Осмоодделенците од ООУ „Лазо Трповски“ од Општина Карпош, предводени од своите ментори Стефан Симовски и Даниела Радевска, во Бон (Германија) освоија награда во рамките на 43. Меѓународен училишен натпревар за политичко образование. Наградениот проект со наслов „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“ ќе биде претставен на изложбата во салонот на Сојузната централа за политичко образование во Бон, од почетокот на април годинава и ќе трае 15 дена. Покровител на овој реномиран меѓународен натпревар е претседателот на Германија, Јоахим Гаук. Во рамките на ова натпреварување учествуваа повеќе од 50.000 ученици од 29 земји со вкупно 2.216 проекти. Меѓу нив, 48 ученици од петто и од осмо одделение, заедно со своите ментори од ООУ „Лазо Трповски“, ја претставуваа нашата држава со два проекти на актуелни политички теми, „Живот без мобилен и интернет“ на учениците од петто одделение и наградениот проект на осмоодделенците „Добрите и мрачните страни на глобализацијата“.

Учеството на овој натпревар ООУ „Лазо Трповски“ од Општина Карпош го реализира како воннаставна активност со финансиска поддршка од страна на Фондацијата „Фридрих Еберт“.

И.Ѓ.



ОДБЕЛЕЖАН ПАТРОНАТОТ НА „ВЛАДО ТАСЕВСКИ”

Во спортска атмосфера, со пингпонгарски дух, почнаа деновите на одбележување на патрониот празник на Општинското основно училиште „Владо Тасевски“. По училишниот турнир во пинг-понг, на кој учествуваа десетте основни училишта на територија на општина Карпош, честувањето на 57-годишното постоење на ООУ „Владо Тасевски“ продолжи со отворен ден на тема „Како да го развиваме претприемачкиот дух кај младите“, на кој учениците ги презентираа своите изработки. Училиштето „Владо Тасевски“, по повод патрониот празник, објави и литературен и ликовен конкурс на тема „Што сакам да бидам кога ќе пораснам“, на кој, својот талент го презентираа основци од десетте училишта во Карпош. На празникот на училиштето присуствуваше и Зоран Поповски, претседател на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Карпош, кој го отвори турнирот во пингпонг со првата „серва“. Директорката на ООУ „Владо Тасевски“, Елка Даскалова, на авторите на најдобрите творби од литературно-ликовниот конкурс, како и на менторите, им додели дипломи и книги, а дипломи за учество им беа врачени и на присутните претставници од десетте основни училишта.

М.Г.



БЕЗУМИЕТО НА ЕДНО ВРЕМЕ НИЗ ОЧИТЕ НА ОСНОВЦИТЕ

Во присуство на многу гости, меѓу кои Мајкл Баер, амбасадорот на Австрија, членови на Советот при Општина Карпош, претставници на Еврејската заедница во Македонија и на Меморијалниот музеј на холокаустот, учениците од ООУ „Петар Поп-Арсов“, во Кинотеката на Македонија, го презентираа својот проект со кој одбележуваат 71-годишнина од депортацијата на Евреите од Македонија.

Во рамките на овој проект, кој училиштето го спроведува втора година по ред, основците од ова општинско училиште подготвија пригодна изложба со која хронолошки го прикажуваат доаѓањето на Евреите на македонско тло, нивниот живот тука, депортацијата во логорот на смртта Треблинка, но и животот во денешницата. Пред отворањето на изложбата, во рамките на свеченоста, беше прикажан и документарниот филм што како дел од истиот проект, учениците од „Петар Поп-Арсов“ го изработија минатата учебна година.

- Годинава навршуваат 71 година од депортацијата на Евреите од Македонија, а проектот што нашите ученици го реализираа со помош на Меморијалниот центар на холокаустот, Еврејската заедница во Македонија, Бирото за развој на образованието, а со поддршка на Општина Карпош и други соработници, треба да биде потсетник да не се повтори безумието на едно време – посочи директорката на ООУ „Петар Поп-Арсов“, Лејла Николовска, на отворањето на изложбата.

Координаторката на проектот, Даниела Штерјова, се заблагодари на сите ученици-учесници, како и на сите што ја помогнале реализацијата и ги истакна придобивките од проектот.

Л.П.К.

„ЗЕЛЕНО ЗНАМЕ“ ЗА „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“

На традиционалниот петти по ред Еко-самит, што се одржа на почетокот на март, на претставниците од ООУ „Јан Амос Коменски“ им беше врачено „Зеленото знаме“, највисокото признание во областа на еколошката едукација во воспитно-образовниот процес.

Статусот „Зелено знаме“ се одобрува во рамките на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ што се спроведува преку Министерството за образование и наука на РМ. Преку имплементација на програмата за заштитата на животната средина и еколошката едукација како основни вредности во своето работење, ООУ „Јан Амос Коменски“ од општина Карпош стана едно од дваесетте основни училишта во Македонија кои ја добија наградата „Зелено знаме“ и стекна статус на еко-училиште на интернационално ниво.

„Зеленото знаме“ на претставниците од ООУ „Јан Амос Коменски“ им го додели министерот за образование и наука, Спиро Ристовски, а на свеченият чин присуствуваше и амбасадорот на Швајцарската конфедерација, Стефано Лазарото. Истовремено беа доделени и сертификати за директорката на училиштето, Емилија Арсовска, координаторката на тимот, Олимпија Јовческа, и за психологот на училиштето, Елизабета Ивановиќ.



И. М.

КАДЕ ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ?

Правилниот избор на средното образование е првиот чекор кон успешна професионална кариера и создавање личности кои се професионално реализирани и слободни...

„Зошто сметате дека токму Вашето училиште е вистински избор за учениците кои во јуни годинава го завршуваат основното образование?“, е прашањето упатено до средните училишта на Град Скопје. Во овој број на „Урбан Карпош“ одговорот го побаравме од седум училишта, и тоа средните училишта во кои, освен гимназиското образование, се реализираат наставни планови и програми од стручното образование.

СУГС „ГЕОРГИ ДИМИТРОВ“



Во учебната 2013/14 запишани се 1.229 ученици распоредени во 39 паралелки, што значи во просек помалу од 32 ученици во паралелка. Расположивиот простор по ученик во ова училиште изнесува 3,56 квадратни метри, а училиштето е лоцирано во општина Карпош.

- СУГС„Георги Димитров“ е пример за модерно, градско училиште, каде покрај стекнувањето знаења и вештини се негуваат и афинитетите на учениците во сите области почнувајќи од наука, спорт, театар, преку музиката, сè до ликовната уметност. Сето тоа поткрепено со награди, аплаузи, признанија и пофалници, а најважно од сè среќни и исполнети ученици и професори – е одговорот од директорот на училиштето, Саша Стоименов.

Во делот на стручното образование во ова училиште се образуваат кадри од следниве образовни профили: техничар за мебел и ентериер, техничар за пејзажна архитектура, столар и резбар, тапетар- декоратор.

СУГС „ЗДРАВКО ЦВЕТКОВСКИ“



Во оваа учебна година запишани се 1.183 ученици во 51 паралелка. Значи, во просек, 23 ученици во паралелка, така што расположивиот простор за секој ученик изнесува 8,56 квадратни метри. Училиштето се наоѓа во општина Карпош, а наставата се изведува на македонски и на албански јазик.

Во делот на стручното образование, во ова училиште се образуваат кадри од следниве образовни профили: архитектонски техничар, градежен техничар, монтер за сува градба, геодетски техничар, ѕидар, фасадер, армирач.

СУГС „КОЧО РАЦИН“



Во училиштето се запишани 667 ученици, распоредени во 25 паралелки, односно, во просек, помалку од 27 ученици во паралелка со расположлив простор од 4,72 квадратни метри за секој ученик. Училиштето е лоцирано е во општина Ѓорче Петров.

- Текстилното училиште е предизвик за учениците кои имаат интерес за креација на облека и моден дизајн. Учениците, пак, кои подоцна ќе се определат за својата професија, ги избираат гимназиските паралелки. Но, вратите на ова училиште се ширум отворени за учениците кои сакаат да го осознаваат светот и себеси низ дружење и учење за позитивните човечки вредности - вели Снежана Мироновска, директорка на училиштето.

Во делот на стручното образование во ова училиште се образуваат кадри од следниве образовни профили: конфекциски техничар, конфекционер, техничар за дизајн на облека.

СУГС „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

Лоцирано во општина Кисела Вода, со настава на македонски и на албански јазик, во учебната 2013/14 ова училиште опфати 690 ученици, распоредени во 29 паралелки,т.е., во просек, помалу од 24 ученици во паралелка. Расположливиот простор за секој ученик во ова училиште изнесува 5,32 квадратни метри.



- Да се биде дел од една образовна институција која нуди програми кои се влеваат во современите текови на побарувањата на пазарот на трудот, значи да се биде подготвен за предизвиците на современото општество, во кое двигател на пазарната економија е квалификуваната работна сила која поседува широк распон на вештини и искуства - вели директорката на училиштето, Емилија Ангелова.

Во делот на стручното образование, во ова училиште се образуваат кадри од следниве образовни профили: ветеринарен техничар, техничар за фармерско производство, лозаровинарски техничар, техничар за хортикултура.

СУГС „МАРИЈА КИРИ СКЛОДОВСКА“



Училиштето е лоцирано е во општина Аеродром, а наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Воспитно-образовбиот процес го следат 798 ученици, распоредени во 28 паралелки или, во просек, помалу од 29 ученици во паралелка со расположлив простор по ученик од 6,4 квадратни метри.

Директорот на училиштето, Павле Павлов, смета дека предностите на ова средно училиште се тоа што нуди атрактивни образовни профили, ги има најдобрите лаборатории за практична настава, но и тоа што, како што рече, „кај нас има добро дружење“.

Во делот на стручното образование, во ова училиште се образуваат кадри од следниве образовни профили: хемиско-технолошки техничар, производувач на хемиски и козметички производи, производствено-процесен техничар, техничар за очна оптика, фармацевтско лаборантен техничар, медицинско-лаборантен техничар.

СУГС „ЦВЕТАН ДИМОВ“



Наставата во училиштето лоцирано е во општина Чаир се изведува на македонски и албански наставен јазик. Воспитнообразовбиот процес го следат 1881 ученик. Бројот на паралелки е 57, што значи во просек има 33 ученици во една паралелка. Расположливиот простор по ученик во ова училиште изнесува 3,38 квадратни метри.

- Атрактивноста на образовните профили е она што го прави училиштето интересно за завршените ученици од основното образование – велат професорите од ова училиште.

Во ова училиште се образуваат стручни кадри од следниве образовни профили: техничар за трговија и маркетинг, економски техничар, продавач.

СУГС „ЗЕФ ЉУШ МАРКУ“

Наставата во училиштето се изведува на албански наставен јазик, а лоцирано е во општина Бутел. Воспитно-образовбиот процес го следат 1.229 ученици во 39 паралелки, односно, во просек, има помалку од 32 ученици во една паралелка.

- Гимназијата „Зеф Љуш Марку“ преку својата шестдецениска традиција покажа дека може и знае да создава идни генерации на интелектуалци и успешни луѓе во многу области на општественото живеење. Голем број видни личности од спортот, политиката, уметноста и образованието биле дел од нашето училиште – вели директорот Фарук Зекири.

Во ова училиште се образуваат стручни кадри од следниве образовни профили: медицинска сестра, забен техничар.



Ефтим Пејовски

Во дворот на Александар Ичевски од Жданец



СПОЈ НА ПРИРОДАТА И НА УМЕТНОСТА

Ако патот ве води по улицата Жданец, речиси на периферијата на Карпош, не можете да не го забележите дворот на чија ограда стои куќниот број 33а. Тука е домот на Александар Ичевски, пензионер со сосема необично хоби, кое успешно го имплементира во уредувањето на својот двор, што, пак, беше доволен предизвик за тимот на „Урбан Карпош“ да го посети и да ужива во благодатите на чистиот жданечки воздух и во прекрасната глетка.

Александар изработува црквички, макети од манастирчиња, но со автентични материјали кои соодветствуваат на вистинска градба. Со железна арматура, преку бетон, цемент и парчиња камен и тула, до покривни материјали, но и со вградување стакло, овој инвентивен пензионер од Жданец, создава мали уметнички дела кои потоа стануваат дел од нечиј двор. Се разбира, ваквата уметност е тоа што го прави и неговиот двор посебен и привлечен за око.

- Мојот двор го средувам сам. Не дозволувам ни некому да ми помага, а уште помалку размислувам да ангажирам фирма за тоа, како што прават многумина денес – вели чичко Александар.

Зеленилото во неговиот двор тежнее да преовладее во секое катче што домаќинот не го зафатил со некоја фонтана, манастирче или друг украс што произлегол од неговите вешти раце. Забележливо е отсуството на цвеќиња, па само што ќе фрлите поглед кон ова прекрасно дворче, добивате впечаток дека се наоѓате во некоја малечка англиска градина, по урнек од некој филм за средновековното кралство.

- Не дека не ги сакам цвеќињата, ама зеленилото е тоа што ни носи, што ни дарува кислород. Затоа





мојот двор е раззеленет од тревникот преку чемпресите, до бршленот. Сакам сè да е зелено, да дише – вели Александар.

Овој пензионер од Жданец навистина успеал да пронајде начин да го исполнува своето слободно време и целосно да ужива во својата уметност. И тоа, да ужива во вистинска смисла на зборот зашто нема поубав спој од тој на природата и на уметноста.

Л.П.К.



СЕ ЗА ВАШАТА ГРАДИНА
Тел. 02/ 3063 190
www.feroelektro.mk
MTD



ТАЛЕНТИРАНИ И УСПЕШНИ

НАЈДОБРИ МЕЃУ НАЈДОБРИТЕ

Поради тоа што минатиов месец завршија пролетните натпревари во рамките на училишните лиги во одбојка и во кошарка, решивме да ви ги претставиме најдобрите кошаркари и одбојкарки, кои освен со тимската награда, се закитија и со посебни признанија за особен придонес во успехот на нивните училишни екипи...

НАЈДОБРА СМЕЧЕРКА

Ангела Салтамарска, во рамките на годинешната Училишна одбојкарска лига, е прогласена за најдобар смечер.

Четиринаесетгодишната одбојкарка е ученичка во осмо одделение во ООУ „Владо Тасевски“.

- Навистина сум задоволна од наградата, односно од осуммесечната стипендија што ми ја додели Општина Карпош, со вкупен износ од 32.000 денари. Се разбира таа ќе ми биде поттик и понатаму да се занимавам со овој спорт активно и да се погрижам резултатите да не изостанат – вели Ангела.

Таа веќе две години е член на Одбојкарскиот клуб „Фит фан“, а со одбојка се занимава од својата десетта година.





НАЈТАЛЕНТИРАН КОШАРКАР

Кристијан Арсовски е прогласен за најталентиран играч на Училишната кошаркарска лига на Општина Карпош за 2013/2014 година. Тој е 14-годишен осмооделенец во ООУ „Димо Хаџи-Димов“. Како добитник на награда и на стипендија од Општина Карпош, вели дека самото признание и стипендијата влијаат позитивно на неговиот морал и мотивирачки врз неговиот спортски дух.

- Поттикнат од оваа поддршка што ми ја дава Општината, ќе се залагам да ја оправдам довербата за најталентиран кошаркар во Училишната лига. Оваа награда ја освојувам првпат и токму затоа се чувствувам прекрасно – ни рече Кристијан, кој тренира кошарка во КК „Карпош Соколи“ и, како што вели, планира понатаму професионално да се занимава со овој спорт.



НАЈТАЛЕНТИРАНА ОДБОЈКАРКА

Тринаесетгодишната Ангела Петковска, која е ученичка во осмо одделение во ООУ „Аврам Писевски“, е прогласена за најталентиран играч во рамките на Училишната одбојкарска лига што ја организира локалната власт.

- Сакам да се зачленам во некој клуб за и понатаму да се занимавам со одбојка и активно да спортувам. Навистина ми значи, во тој поглед, и поддршката што ми ја дава Општина Карпош. Се разбира, стипендијата ќе ја употребам за и понатаму да се надградувам како одбојкар, но наградата ќе ја употребам за уживање и за мали задоволства – ни рече Ангела, која, како што коментираше публиката, срцето го остави на одбојкарскиот терен.

НАЈДОБАР КОШАРКАР И СТРЕЛЕЦ

Даниел Србиновски е најдобриот играч и најдобриот стрелец на Училишната кошаркарска лига на Општина Карпош 2013/2014 година. Овој 14-годишен ученик кој во ООУ „Владо Тасевски“е осмо одделение, годинава обедини две награди од лигата во кошарка што ја организира Општина Карпош.



- Првпат ги освојувам овие награди и со оглед на тоа, се чувствувам одлично. Овие признанија ми значат навистина многу и мислам дека ги заслужив. Впрочем, за тоа говорат постигнатите 264 поени во текот на годинешната училишна кошаркарска лига. Осуммесечната стипендија која ми ја додели Општина Карпош, за мене претставува дополнителен поттик да продолжам со кошарката и, се надевам, да прикажам подобри резултати. Активно тренирам кошарка во КК „Квиско баскет“ и мојата цел е и понатаму да се усовршувам на кошаркарските терени.

НАЈДОБРА ОДБОЈКАРКА

Теа Терзиевска е прогласена за најдобар играч на годинешната Училишна лига во одбојка, со која Општина Карпош ги обединува десетте основни училишта на нејзина територија.



- Наградата од Општина Карпош. како и стипендијата, се мотивација и понатаму да се занимавам со одбојка – вели Теа.

Таа е членка на Одбојкарскиот клуб „Форца волеј“, а одбојка тренира од својата седма година. Оваа 14-годишна ученичка на ООУ „Владо Тасевски“ смета дека општинската заложба придонела одбојката, како и кошарката и неколку други спортови, во Карпош да достигнат едно повисоко ниво.

Антонио Ристевски, олимпиец од Карпош

НА ПАТЕКИТЕ НА УСПЕХОТ

Досегашните импозантни резултати на Антонио Ристевски, меѓу кои најзначајно е 29. место на годинешните Зимски олимписки игри во Сочи, се дополнителен мотив да поразговараме со македонскиот скијачки ас, кој пред јавноста ќе ги открие тајните на својот успех



● **Како се случи професионално да се занимаваш со скијање?**

- Активно почнав да скијам на 4-годишна возраст. Се разбира, не ги паметам тие моменти, но низ разговор со моите родители ги враќаме драгите спомени. Бидејќи татко ми работеше на жичарницата во Маврово, инсистираше да ме види на скии, но никогаш не ни помислувал дека професионално ќе се занимавам со овој спорт. Ми текнува на една случка пред многу години кога татко ми ми купи нови скии, со оглед на тоа што пораснав и скиите беа поголеми. Од почеток ми беше потешко да ги управувам, така што можев да завртам на едната страна, но кога ќе се обидев да завртам на другата страна, редовно завршував долу на снегот. Но, дете си е дете, знаев да се расплачам и така низ солзи велев дека никогаш повеќе нема да застанам на скии. Еве, гледате што сè може да направи волјата и упорноста.

● **На колку години почна сериозно да тренираш?**

- На седум години тренирав во клубот ФЦУ „Цементара" со моите први тренери Мирче Савоски и Борислав Соколов – Сокол, сè до мојата 11. година. За жал, клубот се распадна, па се префрлив во „Работнички", каде сè уште сум член. Маријан Карапанчевски е тренерот кој ме научи на новата карвинг- техника, со кого ги имав првите најдобри резултати на ниво на Македонија како пионер и три години по ред бев најдобар во мојата класа. По него, веќе 12 години ми е тренер Иван Лешевски. Тоа е човекот кој е најзаслужен за моите сегашни достигнувања. За него можам да кажам дека ми е како втор татко. Од мојата 15. година, влегов во класата

ФИС, каде сум и сега и веќе на 15 години имав историски резултати за македонското скијање на таа возраст.

● **Зошто токму скијање, дали постојат услови во Македонија, професионално да се развиваат овие спортисти. Како котираш во нашата земја и во нашиот балкански регион?**

- Скијањето е еден од спортовите што го ослободува адреналинот во големи количества. Се работи за екстремен спорт во кој брзината и техниката се основните карактеристики. Токму затоа ми се допаѓа овој снежен спорт. Реално, во Македонија засега немаме услови во кои ќе се развиваат професионални скијачи, пред сè, бидејќи немаме вештачки снег кој навистина ни е потребен. Кога се работи за нашите скијачки терени, би напоменал дека тие се навистина добри за подготовки, но, за жал, речиси никогаш немаме доволно снег. Затоа моите тренинзи ги остварувам надвор од Македонија, од август, претежно, на некои од глечерите во Австрија.

Кога станува збор за мојот пласман, во Македонија веќе подолго време сум прворангиран. Но, тоа и не е некој реален показател бидејќи немаме многу натпреварувачи од мојот ранг. Инаку, на Балканот сум некаде околу првите 10.

● **Каде имаш настапувано досега, кои се твоите најзабележителни резултати?**

- Досега сум настапил на повеќе од 350 меѓународни натпревари. Од нив, на две олимпијади, во 2010 во Ванкувер и во 2014 во Сочи. Исто така, се натпреварував на пет светски првенства, неколку светски купови, европски купови, две универзијади и на многу ФИС-натпревари. Моите најзабележителни резултати се остварување на олимписката А-норма, второто место во Србија и остварување на најдобриот историски резултат (21 ФИС-поени) и, секако, 29. место на ЗОИ во Сочи 2014.

● **Која олимпијада или натпреварување ќе го паметиш цел живот, можеш ли да издвоиш некој посебен момент?**

- Засега ќе ги издвојам и двете олимпијади кои ќе ги паметам веројатно сиот мој живот. Се разбира, особено место во моите спомени зазема освоеното прво место во Австрија, но, дефинитивно, најдрагоцен момент ми е освојувањето на 29. место на слаломот во Сочи оваа година.

● **Што е потешко за еден професионален скијач, да се надмине себеси или другите скијачи?**

- Па, искрено, не би знаел точно да проценам. Како и да е, пред сè, треба себеси да се надминам од тренинг во тренинг и од трка во трка, во секој поглед и аспект.

● **Каков спорт е скијањето, дали бара големи отстапки од приватниот живот. Како изгледа животот на еден врвен спортист?**

- Ако се сака, сè се може. Таков е и мојот случај. Не велам дека е лесно, има многу патување од планина до планина. Но, како и секој професионален спортист, морам да вложам огромни напори доколку сакам да бидам во врвот. Слободно време се наоѓа, понекогаш и гледам да го искористам на најдобар можен начин. Скијачката сезона ми трае од август до април, имам еден месец пауза, продолжувам со „суви" подготовки од мај до септември и потоа повторно скијам. Најголем проблем ми е тоа што многу денови не сум дома, но, од друга страна, сите скијачи го имаат истиот проблем.

● **Со оглед на тоа што си карпошанин, дали ти помогнала Општина Карпош да ги реализираш своите спортски амбиции и талент?**

- Мојот дом се наоѓа во Влае, општина Карпош. Од мој аспект ќе ви кажам дека е добро кога знаеш дека некој стои зад тебе, постојано те поддржува, ги почитува и се радува на твоите успеси. Општината ми помага веќе неколку години. Јас сум свесен дека денес ретко кој застанува зад спортистите и затоа сум особено благодарен на поддршката на локалната самоуправа. Мислам дека Општина Карпош е една од ретките општини која се грижи за спортистите. Токму тој меѓусебен однос ми дава дополнителен мотив за моите понатамошни остварувања.

Игор Ѓуровски



ПРОЛЕТЕН ЗАМОР?

Долгата и исцрпувачка зима и променливите временски услови се причина за појава на т.н. пролетен замор, кој се карактеризира со тромавост, поспаност, исцрпеност, па дури и со депресија. Сè поголем број луѓе се соочуваат со овој проблем, па стручњаците од областа на здравствената заштита предлагаат различни начини за негово надминување. Овојпат „Урбан Карпош“ ви нуди идеална комбинација за стабилизација на организмот, со што,



можноста за појава на пролетниот замор ќе ја сведете на минимум.

Балансирана исхрана

За вашиот организам да постигне идеална рамнотежа, неопходно е балансот да биде одлика на вашата исхрана. Тоа подразбира дека во секојдневните оброци треба да ги опфатите сите потребни нутриенти, односно во организмот да внесувате доволно витамини и минерали, пред сè. Значи – многу свежо овошје и многу зеленчук. Салатите нека бидат дел од секој ваш оброк, а меѓуоброците секогаш нека содржат овошки.


Не воздржувајте се да експериментирате во комбинациите – дозволени се и најчудните мешавини, се разбира, сè додека вам ви причинуваат задоволство и уживање. Наш предлог е, во секоја зеленчукова салата задолжително да додадете маслиново наместо сончогледово масло, а во секоја овошна салата – дробени ореви, лешници и бадеми...

Внимавајте на биоритамот

За вниманието што му го посветувањето на јадењето да има вистински ефект, мора да внимавате на биоритамот. Имено, три соодветно распоредени оброци и два овошни меѓуоброци, се вистинскиот начин да му обезбедите на организмот можност од храната да го извлече најдоброто и најпотребното. Се разбира, не смеете да заборавите и дека квалитетниот ноќен сон е незамнелив и има навистина голем удел во стабилизација на организмот. Попладневната дремка веќе може да се замени со прошетка, но недостигот од спиење ќе мора да се надомести ноќе.

Вежби на отворено

Тоа што времето е сè уште променливо, нека не ве спречува да излезете и да се прошетате. Промената ќе ви годи, а раздвижувањето ќе влијае на подобрување на циркулацијата, што е клучно за да се постигне баланс во организмот. Ако, сепак, одлучите прошетките да ги искомбинирате и со одреден физички напор, односно со вежби, обидете се тоа да го направите постепено, секој ден вклучувајќи уште по некоја вежба или продолжувајќи ја патеката за трчање уште по неколку стотини метри. Така нема да ви се случи да го изгубите здивот или да предизвикате воспалување на мускулите.



БАХОВИ ЕСЕНЦИИ

Баховите есенции се поделени во седум групи, условно кажано, според типот на болеста што ја лекуваат.

Во првата група се тие што им се наменети на лицата што патат од страв. Лековите од оваа група помагаат лицето да научи да се заштити од реалните загрозувања, да го спознае и да го надмине нереалното доживување на загрозеност.

За оние што патат од несигурност, која се одразува со колебливост, при што искуствата од другите не се примаат и не се препознаваат јасно и со сигурност, лековите помагаат со внатрешна мудрост и со нагласена мотивација наспроти нашата цел и задача да бидеме спремни да го надминеме ограничувањето од нашата несигурност.

Третата група лекови одговара за недостиг на интерес за актуелни случувања, односно емотивна состојба што ја држи личноста во окупација со минати моменти или ситуации што треба да се случат. Лековите помагаат да се „вклучиме“, да се разбудиме, да се ослободиме од менталната преокупација која нѐ држела надвор од тековните животни настани.

Осаменоста како карактеристика на личности кои се изолираат според сопствен избор, а кој произлегува од посебноста или, пак, супериорноста во однос на другите, при што умот е преокупиран со барање начини како да се заштитат сопствените вредности, бара посебен третман.

Петтата група лекови е за лицата кои се пречувствителни на влијанијата од другите. Ова се однесува на состојба на внатрешна нестабилност, а се манифестира како пречувствителност, претерана реакција на надворешни дрзби и стимулации. Личноста систематски се штити од вознемирувачките влијанија и се напнува повторно да ја воспостави рамнотежата. Лековите помагаат да се воспостави внатрешниот спокој, хармонија, да се поврати рамнотежата, да се сочува интегритетот и да се задоволи личноста врз основа на основната потреба да биде безбедна и покрај постоењето на стимулансите.

За нерасположеноста и очајот, при кои личноста е оптоварена со мачни, болни искуства и е спречена во покажување, давање и примање, лековите служат да го подигнат духот со чувство на сила и верба и покрај постоењето на препреките и на непријатностите.

При преголема грижа за доброто на другите, односно ставот дека личноста е должна да покажува моќ и решеност на светот и се наметнуваат за да го обликува овој свет и луѓето околу себе, при што целосно се убедени во исправноста на својот став или идеја и тоа го спроведува со мило или со сила, сугерирајќи, наговарајќи, злоставувајќи ги другите, лековите помагаат да можат моќните капацитети кои се реалност, овие луѓе да ги пласираат на начин да се постигне двострана корист, за доброто на сите.

Овие препарати веќе 80 години успешно се користат во светот и за нивните ефекти постои огромно клиничко искуство, врз база на кое со сигурност може да се тврди дека Баховите капки немаат контраиндикации, можат да ги користат и бебиња, трудници, доилки, многу стари или од болест исцрпени луѓе. Ефикасни се за отсранување на емотивни и физички патења, еднакво се корисни за излекување и негување и на сите животни, ефикасни се за стекнување карактеристики кои ќе ни го подобрат квалитетот на нашето секојдневие.

Јоана Станиќ

1. Agrimony (agrimonia eupatoria) - петровец
2. Aspen (popolus tremula) - топола
3. Beech (fagus sylvatica) - бука
4. Centaury (centaurium umbellatum) - различак
5. Cerato (ceratostigma wilmottiana) - модро око
6. Cherry plum (prunus cerasifera) - црвена слива
7. Chestnut bud (aesculus hippocastanum) - пупка од див костен
8. Chicory (cichorium intybus) - цикорија
9. Clematis (clematis vitalba) - повит
10. Crab Apple (malus sylvestris) - јаболко
11. Elm (ulmus procera) - брест
12. Gentian (gentian amarelle) - линцура
13. Gorse (ulex europaeus) - смрека
14. Heather (calluna vulgaris) - врес
15. Holly (llex aquifolium) - божиќно дрво
16. Honeysucle (lonicera caprifolium) - орлови нокти
17. Hornbeam (carinus betulus) - воден габер
18. Impatiens (impatiens glandulifera) - хималајски балзам
19. Larch (larix deciduas) - ариш
20. Mimulus (mimulus guttatus) - мајмунско цвеќе
21. Mustard (sinapsis arvenis) - синап
22. Oak (quercus robur) - даб
23. Olive (olea europea) - маслинка
24. Pine (pinus sylvestris) - бор
25.Red Chestnut (aesculus carnea) - црвен костен
26. Rock Rose (helianthemum nummularium)
27. Rock Water - изворска вода
28. Scleranthus (scleranthus annuus) - трескавец едногодишен
29. Star of Bethlehem (ornithogalum umbellatum) -ливадски лилјан, птичјо млеко
30. Sweet Chestnut (castanea sativa) - питом костен
31.Vervain (verbena officinalis) - врбовка
32. Vine (vitis vinifera) - винова лоза
33. Walnut (Junglans regia) - орев
34. Water violet (hottonia palustris) - водена темјанушка
35. White Chestnut (aesculus hippocastanum) -див костен бел
36. Wild Oat (bromus ramosus) - див овес
37. Wild Rose (rosa canina) - дива роза
38. Willow (salix vitellina) - жална врба

Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ

Општина Карпош shared Општина Карпош's photo.

Посета на домот за стари лица „Елисавета" во Карпош
(40 photos)
Висока општинска делегација предводена од претседателот на Комисијата за јавни дејности при Советот на Општина Карпош Зоран Поповски, денеска ги посети станарите на домот за стари лица ,,Елисавета" кој се наоѓа на територија на локалната ... See more — at Општина Карпош



Zoka Spasov BRAVO ZA KARPOS!! NAJ UBAVO MESTO ZA ZIVEENJE!! STO PATI SE POKAJAV STO SE ISELIV OD TAMU!

НАЈДОБРИТЕ КОШАРКАРИ ОД ООУ„ВЛАДО ТАСЕВСКИ"



Katerina Manevska Hristovska Браваааааа! „Владо Тасевски" најдобри и во кошарка и во одбојка!
Like · Reply · 2 · 19 March at 15:59

Dragan Ugrinovski BRAVO DECKI
Like · Reply · 1 · 19 March at 18:34

Елизабета Стојчевска Најдобра директорка, најдобри наставници .. НАЈДОБРИ УЧЕНИЦИ!!! Браво дечки

Đigi™ @dzigi7 · Mar 7
(ФОТО) На 2 март во 7 часот наутро искачен е највисокиот врв во #Африка, #Ухуру (5895 м) на планината #Килиманџаро. pic.twitter.com/52XnXhO5QO





Константин Џинот Секоја чест, Јордан !!!

Zoka Spasov bravo MOMCI!

До Ри Ме @IceManAndov · Mar 14
Одобрението од @OpstinaKarpos. Благодарности до @JStevco што ни одобри поставување пункт за #ТвитерНадеж pic.twitter.com/CoLojPGdQg

Маца ✿ @stonogalka · Mar 15
Благодарност до хуманите граѓани на општина Карпош. #ТвитерНадеж pic.twitter.com/F8UluJ5KVn





www.karpos.gov.mk

Изработила: Ива Манова

ТВИТЕР ХУМОР

@Trendolend
Да е скроз наш, сигурно би се викал Александар Величе

@JBurgundi
Па и у Баница боље се спиеше бе! #Гоце

@Nesfaten
Што правиш со дрес од Касиљас на факултет?
-Ќе ја бранам дипломската.

@Jovanowsky
Другарка од средно се омажи, роди дете, се разведе и се премажи.
А јас уште се мислам помеѓу макијато и нес кафе.

@Srbak
На секои наредни избори излезеноста е се поголема. Наскоро никој нема да остане во Македонија.

@ZenskiPrikazni
Драги граѓани,
Да излеземе денес СИТЕ МАСОВНО, и кој со макијатото, кој со еспресото, кој со пивото во рака да ја опраиме државава!

@egodollaric
Март е месец во кој од дома излагаш со кратки ракави,
капут, ракавици, цвикери, чадор, шорцеви и шал!

@elena_tekinec
Место да седам на две столици, боље ќе се вртам на директорска фотеља.

@_sajsi
Во срцето громови, во главата огномет.

@taa_plavata
Инспирацијата за твитање се движи правопропорционално
со зголемување на обемот на обврски кои треба да ги завршиш.

Изработила: Ива Манова





ШАМПИОНИ НА МЕСЕЦОТ

Спортистите од ООУ „Владо Тасевски“, месецов нанижаа многу успеси, донесувајќи им на своето училиште и на Општината пехари и причини за гордеење. Најпрвин, одбојкарките на ова училиште го зедоа златото во Одбојкарската училишна лига на Општина Карпош, а потоа, успех на ниво на општината постигнаа и кошаркарите на ова училиште. Круна на достигнувањата за месецот март беше освојувањето на првото место на Државното првенство во одбојка, на кое девојките од тимот на „Владо Тасевски“ буквално ги збришаа сите свои противнички. Ништо покуси не останаа ни кошаркарите, па и тие на Државното првенство, без ниту еден пораз зад себе, се закитија со златни медали. Во рамките на Одбојкарската училишна лига, со сребрени медали се закитија осмооделенките од ООУ „Аврам Писевски“, а одбојкарките од ООУ „Петар Поп-Арсов“, победувајќи го тимот од ООУ „Димо Хаџи-Димов“, го освоија третото место.

Во Кошаркарската училишна лига, пак, второто место го понесоа момчињата од ООУ „Димо Хаџи-Димов“, а бронзата им припадна на кошаркарите од ООУ „Петар Поп-Арсов“, кои ги надиграа своите конкуренти од „Војдан Чернодрински“.

Одделението за спорт при Општина Карпош традиционално организира меѓуучилишни спортски натпревари, односно училишни лиги какви што се тие што завршија во март, лигите во кошарка и во одбојка. За победничките екипи локалната самоуправа обезбедува пехари, медали и соодветни награди, како и наградни патувања, а покрај тоа, најдобрите поединци добиваат и стипендии.



7
Fast Food
Карпош
30 90 030
Центар 32 11 914
Аеродром 24 47 774
Скара 7 32 24 000

МАРТИНИ
КАФЕ БАР
www.martinicaffe.mk

ENRIKO
pizza & pasta

HOTEL MRAMOR®
HOME AWAY FROM HOME®
tel./fax : +389 2 2044-528, gsm: +389 70/78 226 663
11, Klenoec – 1000 Skopje, R. Macedonia
info@mramor.com.mk
PLEASE VISIT OUR WEBSITE: WWW.HOTELMRAMOR.COM

PHOTO VIDEO
&
LIMOUSINE SERVICE
"JASMINA"
tel.rab.02/3062-018
tel. 078\305-186
tel. 072\643 -881
WWW.FOTOJASMINA.COM.MK
FOTOJASMINA@YAHOO.COM

TIVES®
italian style
T.C. Leptokarija
ul. Nikola Rusinski 3b lok 15
Tel. +389 (2) 61 31 250
www.tives.com.mk

Ballet ... it's the rhythm of your life
Адреса: Никола Парапунов бр 3А
(дтц. Карпош 4)
Телефон: 075 86 99 44
www.artballet.com.mk
e-mail: tamara@artballet.com.mk
Facebook: Art Ballet - Skopje
Art Ballet
ballet school

ХОРОСКОП



Јоана Станиќ

Април '14

Овен: Во љубовта ве очекуваат многу промени и ќе бидете многу скептични во однос на нови познанства. Работата нема да ве исполнува во целост, но добро ќе се снаоѓате во извршувањето на задачите. Време е за пролетно чистење на организмот.

Бик: Април ви носи заљубеност и без разлика дали се работи за нова или за стара врска, едноставно секој момент ќе уживате во емотивната исполнетост. Работните обврски тешко ќе успевате да ги завршувате навреме, потребно е да бидете посветени и поконцентрирани. Внимавајте на исхраната, може да се одрази на тежината.

Близнаци: Поедноставете ги односите со партнерот, не правете забелешки за секоја ситница. На работен план ви претстои период каде што ќе можете да се докажете со сите свои квалитети, па искористете ја поволната можност. Здравјето ви е добро.

Рак: Позитивната енергија со која ќе зрачите, ќе ви донесе многу познанства и не е исклучено во вашиот живот да влезе нова личност. Соработката со колегите ќе ви биде одлична и ќе имате можност за почнување нови деловни проекти. Повеќе прошетки во природа.

Лав: Нема да бидете расположени да објаснувате многу и ќе се преиспитувате дали ви носи задоволство вашиот емотивен живот. Проблемите на работен план стивнуваат и полека на виделина излегуваат вашите организаторски способности. Вежбајте редовно.

Девица: Нема да имате многу време да се посветите на партнерот и ќе чувствувате незадоволство заради тоа. Периодот што доаѓа ви носи резултати од вложениот труд и можно е унапредување на повисока работна позиција. Внимавајте на количеството на храната што ја внесувате.

Вага: Во љубовта ќе сакате да внесете нови промени и можни се кратки авантури, но внимавајте при изборот на партнерот за да не излезете повредени. Стрпете се и смирено пристапете им на проблемите на работа. Некој ги следи вашите резултати и соодветната награда нема да изостане. Дружете се повеќе.

Скорпија: Во љубовта ќе се чувствувате опуштено и среќно и тоа ќе ви биде мотив да постигнувате резултати на сите полиња. Можно е да почнете нов бизнис или да добиете заслуга за вашите залагања од изминатиот период. Медитирајте.

Стрелец: Покажете повеќе трпение кон партнерот и понудете му помош. На работен план можни се доедукации, но и нови ангажмани кои ќе ја подобрат финансиската ситуација. Доколку има потреба, периодот ви е погоден за диета и за спорт.

Јарец: Можна е официјализација на љубовната врска или, пак, продлабочување на односите со партнерот. Финансиската ситуација полека се подобрува и ќе имате можност да ги подмирите заостанатите долгови.

Водолија: Поддршката од партнерот ќе ви помага да ги надминете препреките од работата. За многу нешта ќе бидете визионер и во следните месеци тоа ќе ви ги зголеми приходите. Проверете го железото во крвта и одморајте.

Риби: Пробајте да ги решите сите неразјаснети работи во врската. Слободните ќе зачекорат во посериозни води. Работата ќе ја работите со лесноти ја и ќе ви се даде можност за реализација на долго очекуваните проекти. Здравјето ви е одлично.




ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА "ЕЛИСАВЕТА"

Дом за стари лица "Елисавета"

02/30-62-021
02/61-46-880
078/43-41-49









Олимпико		TIGAR	BFGoodrich	MICHELIN
175/65 R14	Стара цена	2.890	3.570	4.980
	Нова цена	2.710	3.320	4.310
	Попуст 25%	2.033	2.490	3.233
195/65 R15	Стара цена	3.690	4.610	6.330
	Нова цена	3.380	4.120	5.350
	Попуст 25%	2.535	3.090	4.013
205/55 R16	Стара цена	4.980	6.210	8.800
	Нова цена	4.310	5.410	6.950
	Попуст 25%	3.233	4.058	5.213
225/45 R17	Стара цена	7.260	9.160	13.040
	Нова цена	5.720	7.690	10.150
	Попуст 25%	4.290	5.768	7.613

Попустот важи и за другите димензии и трае до завршување на залихите.

Бул. 8 - ми Септември бр. 38 (на спроти Хубо Маркет и Тојота) тел. 02/30-64-689 и 02/30-63-351

!!! Ново ласерско 3Д центрирање на преден и заден трап


ОО ВЛАДО ТИЈЕВСКИ
14